20261341927

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за градење
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јуни 2026 година.

Бр. 08-4048/1
11 јуни 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

Член 1

Во Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 49/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23, 115/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25, 269/25 и 51/26) во членот 57 во ставот (1) по зборовите: „складишта на електрична енергија со капацитет над 1 MW,“ се додаваат зборовите: „градби за чување и складирање дигитални податоци (дата центри), градби предвидени со урбанистички план за подрачја и градби од државно значење,“.

Член 2

Во членот 74 во ставот (13) по зборовите: „фотонапонски електроцентрали кои се поставуваат на објекти,“ се додаваат зборовите: „складишта на електрична енергија со цела пропратна електро-техничка опрема само за потребите и во склоп на постојни објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (ветерна, сончева и хидроенергија),“.

Член 3

Започнатите постапки до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат согласно со одредбите од овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.